НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки

Бр. 16 – 22193/1

Скопје, 4.7.2019 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

**Предмет:** Барање за доставување податоци

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ги доставите следниве податоци:

1. Податоци за капиталот и акционерската структура, и тоа:

    - структура на акционерскиот капитал според видот на акционерот и според видот на акциите (обични и приоритетни акции) со состојба на 30.6.2019 година (образец бр. 1(1));
    - структура на акционерскиот капитал според земјата на потекло на акционерите со состојба на 30.6.2019 година (образец бр. 1(2));

2. Структура на кредитната изложеност кон физички лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања, со состојба на 30.6.2019 година (образец бр. 2);

3. Преглед на изворите на финансирање на банката од матичните субјекти, вклучително и поврзаните лица со нив, со состојба на 30.6.2019 година (образец бр. 3);

4. Број на примени, прифатени и одбиени кредитни барања во првата половина од 2019 година, за одделните кредитни производи од физичките лица и вкупно од нефинансиските друштва, за секој месец одделно? (образец бр. 4);

5. Податоци за износот на отпишаните побарувања и наплатените отпишани побарувања од физички лица, нефинансиски правни лица и останати нефинансиски лица, во вториот квартал од 2019 година (образец бр. 5);

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-175
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-348
**www.nbrm.mk**

6. Фреквенција на промена на каматните стапки на депозитите на физички лица во вториот квартал од 2019 година (образец бр. 6). Дополнително, ве молиме да дадете краток опис во врска со начинот и методот којшто банката го применува при пресметка на каматите на традиционалните орочени депозити на физичките лица. Поконкретно, потребно е да наведете дали каматата ја пресметувате со примена на пропорционален или конформен метод, дали користитите едноставно или сложено вкаматување, дали камата ја пресметувате и исплаќате на крајот од рокот на кој е орочен депозитот или во почести интервали, дали користите антиципативно или декурзивно пресметување на каматата и која конвенција ја применувате во однос на пресметката на бројот на денови во периодот на орочување на депозитот (календарски број на денови/360, 30/360, календарски број на денови/365 итн.).

Ве молиме да ги доставите овие податоци до Дирекцијата за финансиска стабилност и банкарска регулатива по електронски пат на GeorgievskiM@nbrm.mk, најдоцна до 5.8.2019 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Северна Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Михајло Васков (тел.: 3108 129), Татјана Терзијанова (тел.: 3108 398) или Викторија Атанасовска Новески (тел.: 3108 517).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева

_____________________